СОС ДЕТСКО СЕЛО
Ниту едно дете не треба да расте само

# Критериуми за членство во Генералното Собрание

Член на Генералното собрание може да биде лице кое е државјанин на Република Северна Македонија, од 18 до 75 години, учествува редовно на Годишното Собрание на Здружението на граѓани  и кое е подготвено да ја подржува мисијата на организацијата СОС ДЕТСКО СЕЛО во едно или повеќе полиња:

- Промовирање на мисијата на СОС Детско Село
- Поддршка во обезбедување на донации и финансиски средства
- Поддршка за вработување на Млади
- Поддршка во застапување на правата на децата
- Вмрежување со партнери и други засегнати страни

**Дополнително**

- Лицето е подготвено да вложи дел од своето време 2-3 пати годишно
- Лицето е веќе повеќе годишен поддржувач или донатор на организацијата
- Лицето поседува личен и професионален интегритет во заедницата
- Лицето не е осудувано

## Прием во членство

До Управниот Одбор се поднесува писмено барање, кое е предуслов за прием на редовни членови во Асоцијацијата. Одлуката за номинација за сите барања за членство ја донесува Управниот Одбор и лицето кое аплицира ќе биде информирано во рок од 30 дена за потврда на неговата номинација. Врз основа на дефинирани критериуми, Управниот Одбор дава препорака до Генералното собрание за прием на нови членови. Одлуката се носи со двотретинско мнозинство на седница на редовното  Генерално Собрание.

Адреса за аплицирање : Marija.Tomasevska@sos.org.mk; infona@sos.org.nk

# ПРАВНА ПОСТАВЕНОСТ СОГЛАСНО СТАТУТОТ

## 7 ПРАВНИ ТЕЛА НА АСОЦИЈАЦИЈАТА

7.1 Правните тела на Асоцијацијата се следниве:

7.1.1 Генералното Собрание;

7.1.2 Управниот Одбор;

7.1.3 Претседателот на Асоцијацијата;

7.1.4 Националниот директор;

7.1.5 Арбитражниот Трибунал.

## 8 ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ

8.1 Генералното Собрание е врховното тело за донесување одлуки на Асоцијацијата и се состои од сите членови и претставниците на СОС Детски Села Интернационал. Најмногу двајца претставници на СОС Детски Села Интернационал се формално назначени од Претседателот и Менаџмент тимот на СОС Детски Села Интернационал, а тие можат и да ги отповикаат назначените претставници во секое време, со писмена одлука.

8.2 Генералното Собрание свикува редовна седница еднаш годишно. Претседателот на Асоцијацијата ги поканува сите членови и претставниците на СОС Детски Села Интернационал во писмена форма, најмалку три недели пред седницата.

8.3. Управниот Одбор може во секое време да свика Вонредно Генерално Собрание на Асоцијацијата.

8.3.1 Управниот Одбор свикува Вонредно Генерално Собрание во рок од четиринаесет дена по приемот на писмено барање за свикување, потпишано од не помалку од една третина од членовите на Асоцијацијата. Таквото барање треба да ги содржи сите детали за прашањата кои ќе се разгледуваат на седницата на Вонредното Генерално Собрание.

8.3.2 Седниците на Вонредното Генерално Собрание ја следат редовната процедура на Генералното Собрание.

8.4 Генералното Собрание го води Претседателот на Асоцијацијата. Во негово отсуство, Генералното Собрание го води Заменик претседателот, а доколку заменик-претседателот е спречен да присуствува, Собранието ќе го води член назначен за таа цел од страна на Генералното Собрание.

8.5 Членовите и претставниците на СОС Детски Села Интернационал имаат право на другите учесници на Генералното Собрание да им дадат писмено полномошно да гласаат во нивно име. Само членови на Асоцијацијата можат да добијат полномошно. Секој присутен може да има најмногу едно дополнително полномоштво за гласање.

8.6 Генералното Собрание има кворум кога обично мнозинство од сите членови е присутно лично или со претставник.

8.7 Доколку мнозинството од членовите не се присутни на почетокот на седницата на Генералното Собрание, Собранието повторно ќе се состане по интервал од два часа.

8.8. Доколку мнозинството од членовите повторно не се присутни на Генералното Собрание, Собранието повторно ќе се состане по 14 дена.

Повторно свиканото Генерално Собрание, кое се одржува 14 дена подоцна, има кворум кога обично мнозинство од сите членови е присутно лично или со полномошно. Доколку нема обично мнозинство на почетокот на повторно свиканото Генералното Собрание, Генералното Собрание ќе има кворум доколку се присутни најмалку 25% од членовите.

8.7 Одлуките на Генералното Собрание се усвојуваат со обично мнозинство на дадени и важечки гласови. Одлуките за промена на членовите на статутот, како и распуштање на Асоцијацијата бараат обично мнозинство од членовите да бидат присутни лично или со претставник, додека за одлуката е потребно двотретинско мнозинство.

8.8 **Функции на Генералното Собрание:**

8.8.1 Востановување на основната политика на Асоцијацијата, одобрена од Управниот Одбор, согласно со „Кои сме ние“, стратешкиот план и статутот на СОС Детски Села Интернационал;

8.8.2 Избирање на Претседател и заменик-претседател на Асоцијацијата од членовите на Асоцијацијата;

8.8.3 Избирање на другите членови и мандати за Управниот Одбор од членството на Асоцијацијата, врз основа на дефиниран профил;

8.8.4 Одлучување за нови членови на Генералното Собрание по препорака на Управниот Одбор

8.8.3.1 Процедурата и деталните правила за избор ги одредува Управниот Одбор на Асоцијацијата во посебен правилник.

8.8.4 Донесување одлуки за амандманите и промените на статутот на Асоцијацијата по одобрување од страна на СОС Детски Села Интернационал;

8.8.5 Разгледување и одобрување на ревизорскиот извештај за претходната година и

извештајот на Управниот Одбор за активностите и напредокот на Асоцијацијата во претходната година;

8.8.5.1 Одлучување за изборот на независната ревизорска куќа за следната година

8.8.6 Распуштање на Управниот Одбор;

8.8.7 Одлучување за распуштање и ликвидација на Асоцијацијата по претходно одобрување од страна на СОС Детски Села Интернационал;

8.8.8 Одлучување за здружување или одделување од друга асоцијација и за членство во сојузи и меѓународни организации

8.9 Одлучување за измени на целите на Асоцијацијата

8.9.1 Сите други прашања на барање на членовите, кои се во склад со статутот и надлежноста на Собранието а се во интерес на целите на Националната Асоцијација.